**Архивски бр.:** ИП1 29- 729
**Дата:** 15.08 2025 година

Државниот инспекторат за животна средина преку Имрије Љума Мемеди со службена легитимација број 06-0002, изврши Вонреден инспекциски надзор во Правниот субјект ДТУ Интерфуд ДООЕЛ Скопје. Со Записник ИП1 бр. 29- 729 од 11.08.2025 година. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 52 став 1 од Закон за проширена одговорност на производители за управување со посебните текови на отпад „Службен весник на Реублика Северна Македонија" бр.215/21 и 73/24 и членот 33 став (4) од Законот за инспекциски надзор во животната средина ("Сл.весник на РСМ бр. 99/22 и 3/25), донесе:

# РЕШЕНИЕ

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Правниот ДТУ Интерфуд ДООЕЛ Скопје. Управуван од Дејан Вангелов да преземат мерки за отстранување на недостатоците утврдени со записник бр. ИП1 бр. 29- 729од 11.08.2025 година и тоа:

1. Да се регистрира кај Стручниот орган (МЖСПП) согласно член 14 од Закон за проширена одговорност на производители за управување со посебните текови на отпад („Службен весник на Реублика Северна Македонија" бр.215/21 и 73/24).
- **Рок: 15 (петнаесет) дена од приемот на решението**
2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 на ова Решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка а најдоцна во рок од три дена писмено или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.
1. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина изврши Вонреден инспекциски надзор во Правниот Субјект ДТУ Интерфуд ДООЕЛ Скопје. При надзорот беа присутни претставници од Државниот инспекторат за животна средина Имрије Љума Мемеди– Државен инспектор за животна средина, Љатиф Љатифи – Виш инспектор за животна средина-канцеларија Гостивар и Дејан Вангелов – Сопственик на Правниот субјект. Согласно Вонредниот инспекциски надзор се изготви Записник за констатација со бр. ИП1 бр. 29- 729 од 11.08.2025 година година. При увидот на лице место е констатирано следното: Субјектот не поседува Потврда за регистрација од стручниот орган МЖСПП како производител согласно прописите на проширена одговорност за управување со посебен тек на отпад за вид на отпад од електрична и електронска опрема.

Согласно член 14 Закон за проширена одговорност на производители за управување со посебните текови на отпад Производителите кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници производи во Република Северна Македонија, со чија употреба се создава отпад кој припаѓа на некој од посебните текови на отпад утврдени со законите за посебните текови на отпад се должни да се регистрираат кај стручниот орган во рок од 15 дена од денот на почетокот на дејноста.

Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението на инспекторот за животна средина и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението, инспекторот за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршоци во областа на животната средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, односно надлежниот суд, согласно членот 52 став 3 од Закон за проширена одговорност на производители за управување со посебните текови на отпад


ДржавенИнспекторат заживотна средина
Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5-спрат, Скопје 1000,
Република Северна Македонија

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)
Republika e Maqedonisë së Veriut

i.ljuma@sei.gov.mk
tel.076 446 263

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова Решение согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/2019, 22/25) може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под број ИП1 729 од 15.08.2025 година.

Државен инспектор за животна средина
Имрије Љума Мемеди

Доставено до:
Архива
Правниот ДТУ Интерфуд ДООЕЛ Скопје



**ДржавенИнспекторат заживотна средина**
Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5-спрат, Скопје 1000,
Република Северна Македонија

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)
Republika e Maqedonisë së Veriut

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263